**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-31/2
Датум: 05.02.2024 година
Неготино

| **ООУ„Даме Груев“ – Општина Градско** | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 9, 10 и 12 октомври 2023 година |
| **Број на извештај:** | Вардарски регион |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Радица Лазова |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 4 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Градско |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик и Албански јазик |
| **Број на ученици:** | 310 |
| **Полова структура на ученици:** | 159 машки и 151 женски |
| **Број на наставници:** | 35 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Ивана Нешкова |
| **Директор на училиштето:** | Каролина Кирова |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 11, 12, 13 и 14 декември 2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | „Маршал Тито“ бр.68, Општина Градско |
| **Телефон:** | 043/251-023 |
| **Факс:** | 043/251-023 |
| **e-mail:** | ou-damegruev-gradsko@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | **3,10** |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број: 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015 и 145/2015) Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 86/2006)

## РЕЗИМЕ

Инспекциски тим од тројца Државни просветни инспектори ја спроведе Интегралната евалуација во ООУ„Даме Груев“ – Општина Градско, во периодот 9, 10 и 12 октомври 2023 година.

За време на престојот во училиштето, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор , Совет на родители, Наставничкиот совет и Ученичката заедница.

Инспекторите ги посетија часовите на сите наставници во централното и подрачните училишта во с. Виничани, с. Ногаевци, с. Водоврати и с. Кочилари.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи , посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и сè она што можеше да се види на лице место, тимот од Државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„ Даме Груев “ – Општина Градско, е на ниво 3,10 ( добро[1]).

При реализацијата на Интегралната евалуација беше спроведено и вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници.

Наставата во училиштето се реализира во согласност со наставните планови и програми за основно образование, кои на предлог на Биро за развој на образование, ги утврдува Министерот за образование и наука. Отстапувања од наставните програми има по наставниот предмет физичко и здравствено образование од I до IX одделение и тоа само во подрачните училишта поради немање на спортска сала и несоодветни услови на адаптираната просторија, во која што се изведува наставата при неповолни временски услови.

Постапката за избор на изборните наставни предмети се спроведува во согласност со насоките дадени од страна на Бирото за развој на образованието. Изборот го вршат учениците и нивните родители од листата на предмети преку анкетирање.

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година, планирани се разновидни воннаставни активности кои ќе ги задоволат потребите и интересите на учениците и ќе влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Реализацијата на воннаставните активности во минатата учебна година е добра, а опфатот на учениците во воннаставните активности е речиси целосен.

Родителите се изјаснија дека редовно се информирани за индивидуалниот напредок на своите деца и дека се задоволни од ангажманот на наставниците.

Воспитно-образовната работа во ООУ„ Даме Груев “ – Општина Градско, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Реализацијата на воннаставните активности е добра. Во училиштето се реализираат слободни ученички активности. За секоја слободна ученичка активност има определено одговорни наставници.

Училиштето редовно учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, државно ниво.

Во училиштето се врши идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици и континуирано се следи нивниот напредок. Во училиштето има еден ученик со наод и мислење од МКФ,

( Меѓународна класификација на функционирање ) и формиран е инклузивен тим на училиштето, архивиран со дел.бр. 08-78/1 од 28.02.2023 година.

При уписот на учениците во прво одделение се врши идентификација на учениците со посебни образовни потреби од страна на стручните соработници, педагог и психолог во соработка со одделенските раководители.

Постигањата на учениците се следат од страна на предметниот наставник односно одделенскиот наставник и одделенскиот раководител.

Училиштето го следи осипувањето на учениците и при тоа е забележано поголемо отстапување во однос на бројот на испишани ученици или вкупно 11 испишани ученици поради иселување во друга држава во однос на придојдени ученици кои се вкупно 4 во претходните три учебни години.

Во училиштето се изготвени инструменти за следење на наставата од страна на директорот и стручните соработници со однапред поставена цел и при тоа редовно се изготвува извештај на крајот од секое спроведено следење на планирањата и наставата.

За реализација на наставните програми, наставниците изработуваат годишни и оперативни планови за реализација на наставниот час. Најголем број од планирањата ги содржат неопходните елементи кои овозможуваат успешна организација и реализација на наставниот час.

Во училиштето покрај редовната настава се планира и реализира дополнителна, додатна настава и воннаставни активности.

Постои соработка на наставниците од училиштето со наставници од други училишта на ниво на регион.

Во училиштето не е доволно интензивирана соработката ученици-наставници и родители со вклучување и реализирање на активности во рамки на проекти во кои е вклучено училиштето.

Во централното и подрачните училишта се инсталирани 19 функционални компјутери со монитори , 32 лаптопи за наставниците. Со функционална компјутерска опрема е опремено и подрачното училиште во с. Виничани со 10 компјутери, 8 лаптоп компјутери за наставници и 3 смарт табли. На ниво на училиште има вкупно 13 смарт табли, 6 телевизори, 4 фотокопири, 15 принтери и други нагледни средства за реализирање на наставата по наставните предмети. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и имаат во нивните планирања за реализација на наставни единици примена на ИКТ и користење на линкови и е-содржини.

Сите наставници од одделенска настава и добар дел од предметна настава водат ученички портфолија.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на заедничките родителски состаноци, преку чет груите од социјаните мрежи и индивидуалните средби како и преку пристапот до Е-дневникот.

Централното училиште и подрачните училишта располагаат со доволен ученички простор за изведување на редовна настава. Училниците се пространи и природно осветлени, соодветни на училишните стандарди и возраста на учениците со кое се овозможува непречено изведување на настава, со исклучок на една адаптирана училница поради големиот простор а малиот број на ученици во две училници во ПУ с.Ногаевци.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува никаква потенцијална опасност од повреди на учениците.

На учениците им се обезбедуваат јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование.

Стручната служба на ООУ „ Даме Груев“ – Градско, води евиденција за опфатот на учениците по завршувањето на основното образование.

Преку редовните презентации од средните училишта од општината и пошироко, учениците се запознаваат со конкурсите за упис, условите за работа, струките и образовните профили кои ги имаат.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување секоја учебна година. Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно потребите на воспитно-образовниот процес.

Во училиштето наставата по Природни науки, Биологија, Хемија и Математика се одвива според наставни програми преземени и одобрени од Меѓународниот центар за наставни програми- Кембриџ (Cambridge International Examinations) и адаптирана од страна на БРО. Воспитно-образовниот процес го реализираат 35 наставници. Наставата ја реализираат наставници вработени во училиштето и тоа 17 наставници на неопределено работно време со полн фонд на часови, 1 наставник на неопределено работно време со неполн фонд на часови, 13 наставници на определено работно време

со полн фонд на часови, двајца наставници на определено работно време со неполн фонд на часови, 5 наставници-приправници со определен ментор, 1 наставник кој дополнува од друго училиште. Сите наставници се вработени согласно Нормативот на наставен кадар за реализирање на наставните програми освен 2 наставници кои не се соодветни.

Училишната библиотека располага со вкупно 3668 наслови од кои лектири има 1000 броја, стручна литература 400, слободна литература 1768 и 500 броја кои се литература на други јазици како на албански јазик, српско-хрватски и босански јазик. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија, училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Евиденцијата на книжниот фонд се води во хартиена форма. Училиштето нема библиотекар, во библиотеката работи наставник по македонски јазик.

За финансиското работење, училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Советот на општината.

Училиштето има изготвено План за јавни набавки за 2022 година и истиот е разгледан и усвоен од страна на Училишниот одбор со одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година заверена во училиштето со дел.бр.02-647/3 од 23.12.2022 година .

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор нема регулирано во актите за неговата работа, ниту пак воспоставена процедура со што, кога и како ќе ги информира за својата работа другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училиштето има изготвено Самоевалуација архивирана со дел.бр. 01-658/1 од 28.12.2022 година според која спроведени се поголем дел од активностите и истата ке биде завршена до 2024 година.

Во Годишната програма за работа на училиштето вградена е училишната политика за развој на училиштето и подобрување на воспитно-образовниот процес во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Програма за развој на училиштето е изготвена за периодот од 2022 до 2026 година, соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата.

Училиштето има документ , односно Програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници, но нема обезбедено финансиски средства за таа намена.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа заведена со дел.бр. 01-284/1 од 10.07.2023 година и истата е усвоена од Советот на Општина Градско.

Училиштето има изготвено Статут со дел.бр. 01-47/1 од 05.02.2020 година, за кое има согласност од Министерството за образование и наука - Скопје.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ„Даме Груев“ – Градско се наоѓа на магистралниот пат Велес-Прилеп кој поминува низ општина Градско.

Воспитно-образовната дејност се реалзира во централното и четири подрачни училишта во с. Виничани, с. Ногаевци, с. Водоврати и с. Кочилари.

Дејноста, училиштето во Градско ја реализира во комплекс од три училишни згради, двете изградени во 1956 година и една изградена во 1973 година. Објектите се со површина од 942 $m^{2.}$ . Училиштето располага со: 8 училници, 1 фискултурна сала, библиотека, канцеларија за директор, за наставници, 1 заедничка канцеларија за педагог и психолог, 1 за секретар, 1 просторија за техничкиот персонал и 2 други простории. Училишната зграда е реновирана со целосно заменета столарија, кров, фасада, санитарни јазли. Реновирање на училишната зграда е реализирано во 2000–та година. Просториите во централното училиште се загреваат со систем за парно греење на течно гориво, односно со нафта а просториите во сите подрачни училишта се загреваат со парно, со котел на пелети.

Училиштето во општина Градско располага со спортска сала и истата е со стандардни димензии и површина од 620 $m^2$, изградена пред 10 години, односно во март 2013 година и истата е дадена на употреба и во целост ги задоволува условите за работа. Училишниот двор е со површина од 1250 $m^2$ и спортски терени од 850 $m^{2..}$

Во ПУ во с.Виничани се реализира настава од II до IX одделение во две смени. Училишната зграда во ПУ во с.Виничани е со површина од 140 $m^2$, располага со: 4 училници, 1 канцеларија за наставници, 1 работилница, 1 санитарен чвор во склоп на зградата и две други простории. Училишната зграда е реновирана со целосно заменета столарија, кров, фасада, санитарни јазли. Реновирањето на училишната зграда е реализирано во 2015 година.

Училиштето во ПУ во с.Виничани не располага со спортска сала,но има изградено надворешни повеќенаменски спортски терени од 400 $m^2$ и поставен тартан на игралиштето. Училишниот двор е со површина од 1500 $m^2$ и истиот е делумно ограден . Направена е промена на столаријата, односно со ПВЦ врати и прозорци и реновирана е исто така и фасадата на училиштето.

Во ПУ во с.Ногаевци наставата се реализира од I до V одделение во комбинирана паралелка во една смена.Училишната зграда во ПУ во с. Ногаевци е со површина од 88 $m^{2.}$ Располага со: 2 училници, 1 канцеларија за наставници, 1 еден санитарен чвор во склоп на зградата и една просторија како магацин за огрев поточно за пелети за загревање на училиштето. Училишната зграда е со дотраена столарија, кров, фасада, санитарни јазли.

Училиштето во ПУ во с.Ногаевци не располага со спортска сала,но има изградено надворешни повеќенаменски спортски терени од 800 $m^{2.}$ Училишниот двор е со површина од 1270 $m^2$ и истиот е целосно ограден .

Во ПУ во с.Водоврати се реализира настава од I до V одделени во комбинирана паралелка во една смена.Училишната зграда во ПОУ во с. Водоврати е со површина од 50 $m^2$. Располага со: 2 училници, 1 канцеларија за наставници, 1 санитарен чвор во склоп на заградата и една просторија како магацин за огревот за училштето. Училишната зграда е реновирана со целосно заменета столарија, кров, фасада, санитарни јазли, реновирањето на училишната зграда е реализирано во 2000-та година. Училиштето во ПУ во с. Водоврати не располага со спортска сала, но има изградено надворешни повеќенаменски спортски терени од 50 $m^2$ . Училишниот двор е со површина од 150 $m^2$ и истиот е делумно ограден .

Во ПУ во с.Кочилари се реализира настава од I до V одделени во комбинирана паралелка во една смена на албански наставен јазик. ПУ во с.Кочилари е сместено во центарот на селото. Училишната зграда е прилагодена за училиште во 1965 година и е со

површина од 170 $m^2$. Во неа има 2 училници и 1 канцеларија за наставници во кои се учи во една смена, во една комбинирана паралелка од прво до петто одделение.

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Санитарните јазли се сместени во училишната зграда. Во централното училиште недостасува училишно звонче во зградата во која се наоѓа училницата во која се изведува настава со учениците првачиња. Температурата во училиштето за време на зимскиот период задоволува. Во училишните простории недоволно се истакнати изработки, лични творби од наставникот и учениците. Училишната зграда е реновирана со целосно заменета столарија, кров, фасада, санитарни јазли, поставување на тартан на игралиштето како во централното така и во подрачните училишта. Реновирањето на училишната зграда е направено во 2000-та година.

Училишниот двор во централното училиште е чист, уреден и заграден од сите страни. Техничкиот персонал уредно и редовно си ги извршува работните задачи. Училниците се затоплуваат со парно на пелети.

Училишна библиотека во централното училиште е со книжен фонд со вкупно 1280 наслови и 3389 примероци од различен жанр, лектирни изданија од I до IX одд., слободна литература, домашна литература, светска литература, стручна литература. Во училиштето нема вработен библиотекар. Библиотеката работи по потреба и истата ја отвара и одговорен за неа е наставникот по македонски јазик согласно потребите и барањата на наставниците и учениците во училиштето.

Во учебната 2023/2024 година во ООУ „Даме Груев“, запишани се вкупно 310 ученици. Училиштето работи со вкупно 24 паралелки и тоа 13 од одделенска настава и 10 од предметна настава. Во Централното училште во општина Градско има 8 паралелки во одделенска настава и 6 од предметна настава, наставата се организира во две смени.

Воспитно-образовниот процес во ООУ „ Даме Груев“ – Градско, годинава го реализираат 35 наставници, од нив 32 наставника се со високо образование, 1 наставник со више и 2 со средно образование. Скоро целиот наставен кадар е со соодветно образование освен двајца наставници со несоодветно образование.

Покрај наставниот кадар во училиштето се вработени:

- Стручни соработници - училишен педагог и училишен психолог
- Административно-технички персонал: 1 секретар, 11 хигиеничари и еден хаусмајстор.

За учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа која е усвоена од Советот на Општина Градско.

Зградата на централното училиштето е обезбедена со петнаесет противпожарни апарати и истите редовно се сервисираат.

Почетоците на училишна дејност во ова училиште е врзана со средината на педесетите години и растењето на Градско од минатиот век кога и започнува и изградбата на основно училиште во Градско. ООУ ,, Даме Груев,,- Градско како самостојно училиште започнува со работа во учебната 1972/73 година на македонски наставен јазик. Регистрирано како самостоен правен субјект во централен регистар број: 30620070001070 од 11.05.2007 година. Училиштето има решение за верификација на дејноста со број :10-825/3 од 08.06.1994 година издадено од Министерство за образование и спорт.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Во ООУ „ Даме Груев “ - Градско наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во прво, второ, четврто, петто и шесто одделение се реализира согласно концепцијата за основно образование за учебната 2023/2024 година. За реализација на наставните програми за учениците се обезбедуваат бесплатни учебници изготвени од Биро за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Обновувањето и доставувањето на потребниот број на учебници кои треба да бидат во добра состојба е нецелосно, односно Министерството испорачува дел учебници од кои поголем дел се нови а помал дел во дотраена состојба. За оваа учебна година година фалат учебници за шесто одделение, сите не се стигнати. Поголем број од наставниците укажуваат на несоодветни учебници согласно наставните планови и програми и учебници со печатни грешки.

Во училиштето се реализира програмата „Образование за животни вештини“ , со вкупен фонд од 36 часа неделно за кое голем дел од наставниците имаат посетено обука за

„ Образование за животни вештини “. На часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители се спроведуваат активности, предавања и работилници, согласно Прирачникот за Образование за животни вештини и тоа од прво до трето, од четврто до шесто и од седмо до деветто оделение и се води уредна документација за реализација на содржините.

За реализација на наставата во прво, второ, четврто, петто и шесто одделение согласно новата концепција, директорот на училиштето има обезбедено еден комјутер, смарт табли, телевизори поврзани со интернет конекција и штампачи во боја.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во ООУ „ Даме Груев“ – Градски, се изведува во централното училиште во нова спортска сала и во четирите подрачни училишта на отворен спортски терен за време на поволни временски услови.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства како: брошура за училиштето, веб страната, ФБ страна, огласна табла во училиштето за да ги информира учениците и родителите како и сите други заинтересирани лица кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција.

Во училиштето вклучен е еден ученик во наставата за ученици со посебни образовни потреби категоризиран од МКФ. Има изготвено ИОП (индивидуален образовен план) за ученикот со ПОП (посебни образовни потреби) по кој наставниците работата со ученикот. Со ученикот се работи според прилагодени цели, со наставниците, со помош и преку индивидуална поддршка од страна на одделенскиот наставник за време на часовите. За ученикот со посебни образовни потреби освен што се изготвува

индивидуален образовен план , се работи по одредена програма изготвена од страна на тимот за инклузија на ученик по претходно добиена согласност од родителите. Индивидуалниот образовен план се изработува од инклузивниот тим формирани за ученикот. На ниво на училиште е формиран училишен инклузивен тим со Одлука бр. 08-78/1 од 28.02.2023 година, составен од : директорот на училиштето, педагогот, психологот и од Ресурсниот центар „Маца Овчарова“ – Велес, одделенскиот наставник, еден предметен наставник и двајца родители. Училишниот инклузивен тим има изготвено програма за работа и преку планирани активности ја реализира програмата соработувајќи со наставниот кадар, учениците, родителите, локалната средина. Училиштето има интерна процедура за изготвување на индивидуални образовни планови со учество на стручната служба во училиштето.

Во учебната 2023/24 година во училиштето ангажиран е еден образовен асистент кој работи со ученик од VII одделение, ученик со посебни образовни потреби. Напредокот на ученикот со посебни образовни пореби е на задоволително ниво и праксата покажува дека кај учениците со посебни образовни потреби кога следат настава со образовни асистенти има поголем напредок, многу подобар од очекувањата. Родителите на учениците со посебни образовни потреби се вклучени во инклузивниот тим и во изготвувањето на индивидуалните образовни програми на своето дете. Тие присуствуваат на состаноците и добиваат информации за напредокот, прогресот, однесувањето во училиштето, за време на часовите и вонnаставните активности, а со тоа и паралелно го следат напредокот на своето дете. Се следат постигањата на поставените цели и се прави реевалуација на индивидуалниот образовен план на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година.

Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со доследно почитување на потребите, барањата и можностите на учениците. Во училиштето има воспоставена процедура за избор од 12 предмети, од кои избрани се по еден предмет за во првото а во второто полугодие друг предмет; предмети во четири подрачја во IV, V и VI одделение, додека од VII до VIII одделение според листата од понудени предмети во наставниот план за учебната 2023/24 година секој ученик избира по еден предмет кој ќе го учи во текот на цеата учебна година со нагласување дека изборните предмети од претходната година не треба да се повторуваат. Изборот на предмети е според наставниот план и програма и новото упатство - водич за слободни изборни предмети кое важи само за учениците од I до III одделение. Стручната служба заедно со директорот изготвува извештај во кој се наведуваат изборните предмети кои ќе се изучуваат во текот на учебната година.

Училиштето не реализира проширена програма.

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето се негува етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Стручната служба во училиштето има направено посебни истражувања за тоа колку родителите се задоволни од наставните планови и програми.

Во реализацијата на наставните планови и програми како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието постојат мал број примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина. Наставниците ја поврзуваат локалната средина со одредени наставни содржини, најчесто при одбележување на локални манифестации, општински празници, учество на трибини, предавања , конкурси и натпревари.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образование со времетраење од ноември 2022 година година во април и траел до април 2022 година. Училиштето има склучено договор за партнерство, односно има потпишано меморандум за меѓусебна соработка со ООУ „ Гоце Делчев“ од Неготино, со бр. 03-508/1 од 29.11.2022 година . Организирано е онлајн запознавање со учениците , размена на честитики за начинот на прославување на верски празници. Во изминативе три учебни години училиштето нема партнер училиште од друга етничка припадност. Во рамки на Годишната програма за работа, училиштето планира самостојни МИМО активности. Во претходните години училиштето има аплицирано за грант од МОН како дел од проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Училиштето делумно, самостојно издвојува средства за реализација на МИМО активности. Заедно со неговото партнер училиште, ООУ„ Гоце Делчев “ - Неготино има добиено грант од МОН.

Во рамки на наставните програми таму каде е можна корелација, ќе се реализираат и самостојни МИМО содржини.

ООУ „ Даме Груев“ – Градско беше дел од проектот „Еко-пријатели“ во соработка со Сојуз на здруженија за рурален развој, „ Мрежа на лагови“ со кој имаше успешна соработка а со тоа се реализани низа на активности и работилници. Ова завршува со голем хепенинг на кој во знак на добра соработка на училиштето му е доделен еден пластичен сад во форма на срце во кој се ставаат пластични капачиња кои се рециклираат. Училиштето два пати има добиено од страна на МОН „зелено знаме“ со кое се одбележува успешното ангажирање на училиштето во однос на развивање на еколошката свест кај учениците .

Наставниците од училиштето имаат интегрирано еколошки содржини од еколошката програма во своите планирања по наставни предмети, согласно програмата и планот на активности. Најголем број од наставниците ги интегрираат овие содржини во своите тематски планирања. Исто така во училиштето постои еко-клуб во кој работи координаторот и членовите во тимот за реализирање на проектот за еколошка интеграција во образованието кој напоредно ги реализираат и одбележуваат сите еко-денови согласно календарот за организација и работа на училиштето во тековната учебна година.

Квалитетот на планирањата на наставниците континуирано се следи од страна на стручната служба преку увид со евидентни листи за исполнетост на дидактички барања за планирањата. Училиштето нема покренато иницијатива до Бирото за развој на образование и Министерство за образование и наука за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

Училиштето во текот на мината учебна година, односно 2022/23 година било вклучено во две меѓународни тестирања „ТИМСС“ за проверка на знаењата на учениците од четврто одделение и тоа по предметите математика и природни науки и „ТАЛИС 2023 “, тестирање на наставниците. Тестирањата се успешно спроведени, за истражување за наставата и учењето кое нудат на наставниците и директорите да дадат придонес по анализата на образованието и развојот на политиките.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за поддршка на личен, професионален и социјален развој на учениците.

Покрај вонnаставните активности кои се дел од државните образовни политики и се спроведуваат во сите училишта во државата, во училиштето редовно се реализираат и активности од типот на хуманитарни акции, културни и спортски манифестации за ученици од училиштето, за време на денот на училиштето, еколошки денови, новогодишен и велигденски базар, учество на априлијада, денот на мајката.

Голем број на ученици се вклучени во воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност. Училиштето обезбедува услови за вклучување на ученици со посебни образовни потреби и ученици од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. Минатата година учениците учествувале во поетски читања, посета на детски градинки, посета на градски музеј, локални манифестации, новогодишна културно-забавна училишна програма, прослава на патронен празник, прослава на Велигден со учество на велигденски креации, ученички натпревари, посета на полициска станица, бинарница „Стоби“ и др.

Во училиштето се реализираат слободни ученички активности, со претходно изготвени програми за работа на секциите. Учениците членуваат во следните секции: млади хемичари, еколошка секција,секција по природни науки, драмско-рецитаторска, литературна, секција по историја, креативна секција, математичка секција ( предметна и одделенска ), спортска секција: фудбал и шах, ритмичка секција, хор и оркестар: флејта, хармонија и триангл, пиано.

Добар дел од учениците се вклучуваат во воннаставните активности воглавно според сопствените афинитети. За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници.

Училиштето има планирано ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование, но истите за време и после короната во 2021/ 22 не се организирале, но во мај 2022/2023 се реализирала една екскурзија во Охрид со учениците од IX , како и за учениците од III и VI одделение. Реализирана е екскурзија со учениците во Берово во месец мај а со останатите одделенија се организирал еднодневен излет во детското одмаралиште во Михајлово. Со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година се планира да се реализира еднодневна екскурзија во с. Нежилово во детско одмаралиште , со учениците од III и VI одделение, екскурзија во Смоларски водопади и дводневна екскурзија со IX одделение во Охрид, како и настава во природа , излети во поблиската околина „Стоби “, во манастирот во с. Чичево „ Архангел Михаил “.

Ученичкиот парламент на ниво на училиште во рамки на својата програма планира и реализира активности со општествено-корисен карактер, забава и рекреација, грижа за здравјето на учениците, подобрување на успехот и дисциплината на учениците, а поддршка добива од стручната служба во училиштето околу организирање и спроведување на активностите. Во училиштето во тек е, во процедура е избор на ученички правобранител .

Учениците со помош и поддршка на училиштето и наставниците активно се вклучени во проектот МИМО, ЕКО. Исто така учествуваат на натпревари што се организираат на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности ги користи расположивите интернет ресурси, локални медиуми, веб-страната на училиштето и фејсбук -страната на училиштето.

Училиштето има формирано спортски клуб УСК „ Даме Груев-Стоби “. Клубот е основан на 14.04.2015 година заведен со Решение од АМС со бр. 08-505/2 од 19.02.2020 година кој

добро функцуонира. Редовно се организира турнир во шах, пинг- понг, футсал особено за време на патронатот на училиштето. Преку Проектот „Спорт за секое дете “проект поврзан со спортот, учениците играат кошарка.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат извештаи за сите квалификациони периоди во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според наставни предмети, паралелки и пол. Училиштето планира и презема активности за подобрување на постигањата на учениците. Стручната служба врши анализа и презема конкретни активности поврзани со советување на учениците и родителите за подобрување на постигањата на учениците.

Училиштето има пропишани приоди за идентификување на надарените ученици и учениците кои имаат тешкотии во учењето. Стручната служба дава поддршка на учениците кои покажуваат послаби резултати во учењето.

Најголем број наставници во училиштето редовно реализираат дополнителна настава по предметите за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатната настава за учениците кои покажуваат интерес за одредена област.

Училиштето има пропишана политика и го следи преминот на учениците од петто во шесто одделение, како и за учениците кои преминуваат во прва година средно образование.

Училиштето има Правилник за видовите пофалби и награди на учениците и наставниците, заведен со дел.бр. 02-384/2 од 10.11.2011 година. Исто така има

Правилник за избор на првенец на генерацијата со дел.бр. 02-192/1 од 16.06.2015 година. Училиштето има изготвено и Правилник за пофалби и награди на вработените, заведено со дел. бр. 02-384/2 од 10.11.2011 година како и веб страна w.ww.damegruevgradsko.mk.

Во учебната 2020/21 година добиени се награди на учениците: по предметот англиски јазик на општински натпревар освоени се 4 втори места, по природни науки од кои 1 ученик освоил втора и 2 трети места, по хемија 3 ученици освоиле трета награда. На регионален натпревар по англиски јазик 3 ученика освоиле второ место а 1 ученик прво место, по биологија 1 ученик освоил втора награда и 1 ученик по народна техника освоил прво место. На државни натпревари освоени се : прво место по народна техника освоил 1 ученик и 1 ученик учествувал на меѓународен натпревар по англиски јазик .

Во учебната 2021/22 година освоени се следниве награди: биологија на општински натпревар 1 ученик освоил прво место, 1 ученик второ, по англиски 3 ученика се квалификувале за регионален натпревар , по природни науки на општински натпревар еден ученик освоил трета награда, по хемија еден ученик продолжува на регионален натпревар и исто така на регионален натпревар 1 ученик освоил 3 место.

Во учебната 2022/23 година на оштински натпревар по математика 1 ученик освоил трето место, 1 ученик освоил втора награда по математика и исто така по предметот математика 1 ученик добил трета награда. По природни науки освоено е второ место и 1 трета награда повторно на општински натпревар, по физика на општински натпревар обезбеден е пласман за регионален натпревар и пласман на државен натпревар од страна на истиот ученик. На регионален натпревар по природни науки 1 ученик освоил трето место а исто на регионален натпревар по математика 1 ученик освоил прво место, 1 ученик второ место и 3 ученици освоиле трето место. На државен натпревар по математика освоено е едно трето место. По предметот природни науки и биологија еден ученик освоил трето место.

### 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето ги опфаќа училишните обврзници од Градско, ПУс. Виничани, ПУ с. Ногаевци, ПУ с. Водоврати и ПУ с. Кочилари.

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од општината вклучувајќи и услови за запишување на ученици со посебни образовни потреби иако во изминативе три учебни години во училиштето не се запишале деца со посебни образовни потреби. Има изградено политика за опфат и преземање на различни активности за да ги опфати сите ученици. Од оваа учебна 2023/24 година има благо намалување на бројот на запишани деца во прво одделение поради иселување на семејствата во странство.

Податоци за ученичките обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи и од општината. Од страна на стручната служба, се доставуваат покани до сите родители, во определениот термин согласно законот за основно образование кога треба да се запишат децата во училиште и на родителите им се одставува брошура со потребните податоци за упис на деца во прво одделение. Уписот и тестирањето на децата го врши Комисија за упис формирана од директорот на училиштето со Одлука бр. 02-151/1 од 28.04.2023 година, составена од: педагог, психолог и одделенски наставник. Училиштето нема Комисија за упис на деца со надмината возраст .

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и презема конкретни активности за подобрување на состојбата во однос на редовноста во наставата. Во учебната 2020/2021 година бројот на оправдани изостаноци по ученик изнесува 46,9 а бројот на неоправдани по ученик 14,4. Во учебната 2021/22 година просечниот број на изостаноци изнесува 36 по ученик од кои учениците имаат 22,4 оправдани и 13,9 неоправдани по ученик. Во учебната 2022/23 година просечниот број на изостаноци изнесува 39,3 по ученик од кои 28,6 оправдани и 10,7 неоправдани по ученик.

По учебни години со намалено поведение во учебната 2020/21 година имало 11 ученика, во учебната 2020/21 година 13 и во учебната 2021/22 година 12 ученици. ( од табелата )

Училиштето прави конкретни анализи по категории за причините, основата на што се однесуваат овие изостаноци и презема ефикасни мерки за надминување на оваа состојба. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за што стручната служба води уредна евиденција.

Постапката за советување на родители во ООУ „Даме Груев “ – Градско се спроведува во согласност со Програмата за советување на родители на ученици во основните училишта и Законот за основното образование. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за што психологот води уредна документација. Во секоја учебна година се врши советување на родителите и тоа обично по 3 пати годишно, во месец ноември и во мај; така на пример во учебната 2019/20 година остварени се две советувања со присуство на 35 родители по основ на намален успех и поголем дел од нив поради нередовност во наставата; во учебната 2020/21 година не се остварени советувања на родители/старатели додека пак во учебната 2021/22 година реализирани се две советувања на кои вкупно присуствувале 25 родители на деца по основ на намален успех во учењето и во учебната 2022/23 година на советувањата на родителите присуствувале 46 родители на ученици поради намален успех во учењето и на 4 деца поради несоодветно однесување во училиштето.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Најголемиот број од нив се поради економски причини, по основ заминување во странство, иселување на цело семејство.

Училиштето во целост ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.

### 2.3 Повторување на учениците

Во училиштето се детектираат причините и навремено се преземаат мерки за подобрување на состојбата односно успехот кај учениците.

Во изминатите три учебни години бројот на ученици кои ја повторувале годината изнесува: во 2019/20 учебна година и во учебната 2020/21 година немало ученици кои ја повторувале годината, додека пак во учебната 2021/22 година 3 ученика ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со првото за поднесување жалба при задржување во истотото одделение, односно повторување на учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за планирањата на наставниците и има воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, педагогот и психологот. Пред почетокот на учебната година раководниот орган , педагогот и психологот прават проверка и увид во годишните планирања на наставниците, а во текот на годината и на тематските планирања. Годишните и тематските планирања на наставниците се следат според однапред утврден формат/образец. Стручната служба им обезбедува поддршка на наставниците при изработката на индивидуалните образовни планови. Училиштето остварува соработка со основното училиште со ресурсен центар „Маца Овчарова“ Велес за обезбедување на образовни асистенти.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Дополнително наставниците планираат вградување на целите од: меѓуетничката интеграција во образованието и антикорупциско образование. Наставниците кои реализираат слободни ученички активности (секции) истите ги планираат, а воннаставните активности се планираат во склоп на Годишната програма за работа на училиштето. Раководителите на паралелки планираат: соработка со родителите, општо-корисна работа со учениците, здравствена заштита, животни вештини, ученичко организирање, соработка со локалната заедница. Сите наставници изготвуваат годишни и тематски планирања и планирања за наставен час во електронски облик, само мал дел наставници имаат планирања за наставен час во хартиена форма. Годишните и тематските планирања од најголемиот број наставници ги содржат речеси сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата и очекуваните исходи од учењето се јасно утврдени во планирањата од најголемиот број наставници. Поголемиот број наставници ги планираат стандардите за оценување издвоено или во склоп на тематските планирања. Наставниците ги користат информациите од следењето и вреднувањето за ефикасно за да ги планираат следните чекори во учењето. Во планирањата за наставен час сите наставници планираат активности на наставникот и активности на учениците, но планираните активности се исти за сите ученици, односно не се прилагодени на потребите и можностите на учениците. Ваквиот пристап не обезбедува ефикасно користење на времето од часот, со што за време на часот дел од учениците предвреме ги постигнуваат очекуваните резултати, а дел ги постигнуваат делумно.

Најголемиот број наставници разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи. Голем број наставници изготвуваат и користат дигитални презентации.

Распоредот на редовните часови е направен според наставниот план и просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува месечни распореди за дополнителна и додатна настава.

## 3.2. Наставен процес

Најголемиот број наставниците по одделенска настава и голем број од наставниците по предметна настава користат разновидни наставни форми и методи, но истите не секогаш се прилагодуваат на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците работат со учениците најчесто фронтално и во групи, а повремено во парови и индивидуално. Методите што ги користат се во функција

на остварување на очекуваните исходи. Наставниците главно користат еден приод за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Мал број наставници користат разновидни интерактивни техники во поголемиот дел од часот и диференциран пристап при реализирањето на активностите, со што не им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат. Голем број од наставниците во процесот на учење користат дигитални презентации.

Училиштето има обезбедено доволен број на лаптопи за наставниците, има поставено смарт табли и паметни телевизори во училниците, фотокопири, принтери и други нагледни средства за реализирање на наставата по предметите. Наставниците користат и училишни и сопствени лаптопи. Смарт табли се користат од страна на голем број наставници за дигитални презентациии и други дигитални содржини кои насавниците ги користат при реализирањето на наставните содржини. Со компјутери за учениците опремен е само кабинетот по информатика, каде истите се поврзани мрежно и со Интернет. Лаптопите во останатите училници и кабинети се поврзани само со Интернет. Има потреба од организирање повеќе обуки за наставниците за нивно користење во процесот на подучување.

Задачите што се работат во училиште се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Домашните задачи ретко се прилагодени на индивидуалните потреби, можности и стилови на учење на учениците. Најголемиот број наставници планираат задачи и активности за сите ученици, односно изборот на задачи и активности не го приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголемиот број од наставниците при реализирање на наставните содржини користат учебници, поретко и дополнителна прирачна литература.

Најголемиот број наставници по одделенска настава и мал број наставници во предметна настава ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците за време на часот. Целите на наставата и очекуваните исходи им се јасни на голем број ученици, во секоја фаза на учењето. Поучувањето кај најголем број наставници по одделенска настава и голем број наставници во предметна настава е јасно и разбирливо и соодветно на возраста, но не е прилагодено на можностите и предзнаењата на сите ученици. Најголемиот број наставници по одделенска настава и голем број наставници во предметна настава, наставата ја реализираат со примена на работа во групи и парови и ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата. Мал број наставници користат различни интерактивни техники. За време на часовите и при реализацијата вонннаставните активности се промовира градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Најголемиот број ученици и родители сметаат дека најголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и секогаш ги преземааат потребните мерки кога таквите стереотипи ги користат учениците.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес. Училиштето во рамките на својата Годишната програма за работа на училиштето и директорот, педагогот и психологот во рамките на своите годишни планирања го планираат и реализираат следењето на наставниот процес. Редовно пред посетата на часови наставниците се известуваат за периодот кога ќе бидат посетени на час, но не и за целта на посетата. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето на часот и на самиот час. По посетата со секој наставник поедниечно се води разговор и се даваат препораки за подобрување на наставниот процес. После секое следење на часовите, раководниот орган заедно со стручната служба изготвуваат извештај со препораки од посетените часови. Секој наставник најмалку два пати годишно е посетуван на час од директорот и стручната служба. Нема воспоставена практика новите наставници да ја следат работата на час на другите колеги од училиштето.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Најголемиот број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на државата. Изработките на учениците од разни работилници и воннаставни активности се изложуваат на видни и соодветни места и редовно се менуваат. Секој ученик има можност да има изложен труд. Училиштето на учениците и наставниците им ги обезбедува сите материјали потребни при изработката на летоци, изложбени паноа и постери.

Најголемиот број учениците сметаат дека по најголемиот број предмети се учи на интересен начин. Голем број ученици сметаат дека дел од содржините се поврзани со секојдневието, се применливи и се корисни во реалниот живот. За време на часот голем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања, да изведуваат заклучоци и даваат примери за примена на она што го учат. Најголемиот број наставници не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Најголемиот број ученици и родители сметаат дека учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права и дека мислењето на учениците се зема во предвид при решавањето на проблеми и при одлучувањето за работи кои се од нивен интерес. Учениците иницираат активности и преземаат одредени одговорности во училиштето, вон и надвор од наставата, најчесто преку воннаставните активности и разни хуманитарни акции. Во последните три учебни години реализирани се бројни активности: хуманитарни акции за прибирање на средства за помош на соученици од семејства во социјален ризик, изработка на изложбени паноа и дигитални презентации со пораки до врсниците на разни теми (моите права и моите обврски, превенција од врсничкото насилство, штетноста од пушењето и користењето на алкохол и дрога, одбележување на настани и др.).

Најголемиот број учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира нивна меѓусебна соработка. Училиштето негува меѓуетничка комуникација и почитување на различностите. Најголемиот број учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Училиштето не ги детектира систематски образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик. Наставниците и стручната служба ги детектираат по сопствена проценка образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик и преземаат конкретни активности за нивно остварување, најчесто преку дополнителната настава и дополнително залагање на наставниците за време на часовите.

Голем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни методи, но мал број наставници користат разновидни интерактивни техники. Не се користи диференциран пристап при планирањето и реализирањето на активностите на часот. Поради ова не им се дава можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат за време на часовите.

Наставата по предметот физичко и здравствено образование во ООУ „Даме Груев“- Градско се изведува во спортска сала и на отворени спортски терени, едно ракометно игралиште со мултинаменски терен кој се користи за време на поволни временски услови.

### 3.5. Оценувањето, како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. И покрај тоа што нема дефинирана политика за оценувањето, училиштето има воспоставени добри практики. Најголемиот број наставници ги планираат стандардите и критериумите за оценување. Мал број наставници по одделенска настава и мал број наставници во предметна настава ги

запознаваат учениците и родителите со стандардите и критериумите за оценување. Најголемиот број наставници по одделенска настава и наставници во предметна настава ги користат истите при следењето и вреднувањето на постигањата на учениците. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека оценувањето е транспарентно и реално.

Најголемиот број наставници по одделенска настава и наставници во предметна настава користат разновидни методи и инструменти за оценување. Најголемиот број наставници по одделенска настава и помал број наставници во предметна настава континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците користејќи табеларни листи од ученици по усвоени стандарди за оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување и градење критериуми. Приодите во оценувањето им ги ограничуваат можностите на најголемиот број ученици во предметна настава да ги подобруваат своите постигања.

Најголемиот број наставници во одделенска настава редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и ги користат информациите добиени од следењето и вреднувањето за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата. Истото не е случај во предметна настава, каде што помал број наставници континуирано го следат напредокот на учениците и ги користат информациите добиени од следењето и вреднувањето (тебеларни листи од ученици по усвоени стандарди) за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Најголемиот број наставници по одделенска настава и поголем број наставници во предметна настава располагаат со конкретни информации за постигањата на учениците за кои родителите можат да се информирааат во секое време. За информирање на родителите за постигањата на учениците се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за паралелката во целина) и индивидуални средби (за конкретен ученик) со родителите. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник. Родителите имаат пристап до него и редовно добиваат известувања преку телефонски пораки. Четири пати годишно родителите добиваат Евидентни листови во кои се наведени постигањата на учениците. Најголемиот број родители се задоволни од тоа што наставниците се достапни во секое време и редовно ги информираат за постигањата на учениците.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места, дворот итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на лица со телесни пречки во развојот.

Училиштето има интерен акт, План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи заведенсо бр.01-74/1 од 27.2.2023 година. Планот со шематски приказ на просториите е истакнат на повеќе видни места во училиштето. Во училишната зграда не е означен правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода. Во училиштето се обучени сите наставници за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето. Во училиштето се изведува секоја календарска година симулација за евакуација на вработените и учениците во случај на пожар и други елементарни непогоди.

Централното училиштето и ПУ с.Виничани се обезбедуваат од страна на служба за обезбедување на имот и лица со склучен договор бр. 03-588/13 од 30.12.2022 година со „Секурисат“ ДООЕЛ - Скопје. За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците.

Училиштето поседува документација од надлежни и овластени институции за извршено сервисирање на 15 ПП апарати од 9.02.2023 година и 4 хидранти. Последно мерење е на 9.02.2023 година, последен пат на громобрановата инсталација е вршено мерење во 2018 година.

Постојат осигурителни полиси за учениците, вработените и училишниот имот и опрема. Постои осигурителна полиса за вработените од осигурителната компанија Триглав осигурување АД Скопје и осигурителна полиса за учениците од Еуролинк осигурување Скопје. Училишниот објект и компјутерската опрема се осигурани од Еуролинк осигурување Скопје.

Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, пропишан протокол за намалување на насилство. Училиштето ги запознава учениците со сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко малтретирање. Учениците се чувствуваат безбедни во самото училиште и во училишниот двор. Се спроведуваат редовни дежурства од страна на наставниците и учениците.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци и на видни места  и има поставено апликации за забрана на истите. Раководителите на паралелката во рамките на одделенските часови ги запознаваат учениците со штетноста и последиците од консумирање на истите. Забраната од пушење се почитува од вработените.

Во училиштето се врши дистрибуција на ужинки за исхрана на учениците од прво до петто одделение, додека останатите се снабдуваат со храна од околните продавници. Училиштето  нема добиено информација дека објектите околу училиштето се регистрирани и влезени во системот на контрола во Агенцијата за храна и ветеринарство. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

Училиштето нема склучено договор за закуп за користење на училишни простории и спортска сала.

За прилагодување на наставните содржини и следење на индивидуалните постигања на ученици со посебни образовни потреби училиштето има формирано Инклузивен тим со Одлука бр. 08-78/1 од 28.02.2023 година и Програма за работа на Инклузивниот тим бр.08-454/2 од 5.10.2023 година. Инклузивниот тим е составен од Директор, педагог, психолог, наставници од предметна и одделенска настава, 2 родители. Во изработката на Програмата за инклузија на учениците со посебни образовни потреби се вклучени родителите. Училиштето има услови и пропишани процедури за грижа и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот. Пристапот на училиштето е приспособен на евентуални потреби за ученици со физичка попреченост. Изградени се соодветни пристапни рампи, нема посебен тоалет за ученици со телесни пречки во развојот бидејки досега немало ученици на кои им е потребен таков третман.

Во училиштето се негува хуманоста и солидарната помош кон учениците. Се организираат манифестации од хуманитарен карактер во кои се вклучени учениците, вработените и родителите. Има примери за организирани базари во соработка со родителите, соработка со Невладини организации со кои соработува училиштето, јавни повици за помош на ученици од училиштето и надвор од него. За учениците од социјално-ранливи категории училиштето обезбедува финансиски средства со покривање на трошоци за нивна вклученост на вонанаставни активности, екскурзиии и посета на други

манифестации и институции. Се организираат собирни акции за облека , обувки и училишен прибор од страна на учениците и наставниците.

### 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето е на високо ниво. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат секојдневно по неколку пати во денот. Мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат најмалку двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е целосно ограден и уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор по 2 пати во една учебна година односно на секои 6 месеци. Во 2023 година дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на 23.1.2023 година и на 5.09.2023 година.

Согласно законската обврска извршени се систематски прегледи на 3.11. 2021 година на сите вработени во училиштето во соработка со ЈЗУ,,Здравствен дом-Велес“. За учебната 2023/2024 година не се извршени санитарно-хигиенски прегледи на вработените бидејки истите се одложени поради реализација на Интегралната еволуација. Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција во соработка со ЈЗУ – Здраствен дом Велес. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката при евентуална потреба од таков третман.

Согласно воспоставените еко - стандарди спроведени се точки на акција за здравјето на учениците. Содржините се однесуваат на правилна исхрана, акции за собирање на отпад за рециклирање, штедење на вода и електрична енергија и сл.

### 4.3. Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето во склоп на Годишната програма за работа има и Програма за професионална ориентација на учениците. Училишниот психолог и наставниците во училиштето се грижат за давање помош и насочување на учениците при изборот на институцијата за понатамошно образование. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, односно за нивната идна професија. Согласно конкурсот за запишување во средните училишта им дава конкретни совети за идната професија. Општи информации за понатамошно образование добиваат и на одделенските часови во деветто одделение. Истовремено учениците учествуваат на разни презентации организирани од страна на средните училишта кои нудат промотивен материјал и информации за уписите во нив.

Во училиштето има пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии. Проблемите од таков вид кај учениците се откриваат преку разговор со нив или со нивните родители, од страна на одделенските раководители и стручните соработници. По потреба, стручните соработници ги упатуваат родителите до релевантни медицински установи.

### 4.4. Следење на напредокот

Училиштето во целина го следи напредокот на учениците. Наставниците и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Индивидуалниот напредок на учениците континуирано се евидентира во дневникот на паралелка, евидентните листови и во личната евиденција на наставниците. За следење на постигањата на учениците постои ефективна соработка помеѓу раководниот кадар,

стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите на учениците. Со учениците кои имаат потешкотии во учењето работат стручните соработници (психолог, педагог). Се организира дополнителна настава која се реализира кај најголем број од наставниците.

Училиштето врши анализи и подготвува извештаи за успехот и поведението на учениците за прво и за трето тромесечие и за успехот на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година по одделенија и паралелки. Изготвените извештаи и компаративни анализи, целосно се достапни за наставниците, родителите и за учениците. Резултататите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата еднаквост и мултикултурализмот, како и за поддршка на инклузивноста. Наставничкиот кадар ужива голема почит од страна на родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во истите, еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. При нивната изработка учествувале сите училишни структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите вклучени во воспитно-образовниот процес и климата како и односот меѓу раководниот орган со вработените е на добро ниво.

Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Со учениците со потешкотии во учењето работи инклузивен тим бр. 08-78/1 од 28.2.2023 година во чиј состав се вклучени стручните соработници и образовен асистент. За активностите изготвена е програма за работа на инклузивниот тим. Тимот работи и со другите ученици од паралелката со цел да се даде поддршка и помош на учениците со посебни образовни потреби. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените се придржуваат кон куќниот ред во училиштето,почитувајќи ги правилата на однесување во училиште. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки со дел.бр 02-364/3 од 10.11.2011 година. Во

последните три учебни години изречени се вкупно 11 педагошки мерки намалено поведение по основ прекршување на кодексот на однесување во училиштето.

Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.

Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Училиштето има формирано ученички парламент избран на демократски начин. Ученичкиот парламент има изготвено програма за работа како прилог-дел од годишната програма на училиштето со бр.01-284/1 од 10.07.2023 година, води записници од одржаните состаноци, а за реализација на програмата добива поддршка од училиштето.

Ученичкиот парламент учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците се информирани од претставникот во ученичкиот парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

### 5.2.Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и објективни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Голем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање.

Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на учениците, преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта. Има изготвено и Правилник за ученик на генерација со бр.02-192/1 од 16.06.2015 година со критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето. Промовирањето на постигањата на учениците се врши преку училишен весник, јавни гласила, локалните медиуми, фејзбук страна и родителските средби .

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех и наставниците ментори на учениците, кои со постигнатиот успех се стекнале со награда и го афирмирале училиштето.

Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Голем број наставници правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата

и нивно заемно прифаќање. Од учебната 2012-2013 година во училиштето се реализира Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието и е завршен во 2016/17 година а од декември 2017 година е вклучено во проектот Мултиетничка Интеграција на Младите во Образованието (МИМО). Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари и др.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група им припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето има партнер училиште ООУ,,Гоце Делчев,, Неготино. Наставниците имаат планирано интегрирани содржини за меѓуетничка интеграција во образованието.

### 5.4.Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето и презема дејствија активно да се вклучат поголем број на родители. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Комуникацијата на училиштето со родителите се спроведува преку одржување на најмалку три родителски средби во едно полугодие и се води уредна евиденција за одржаните групни родителски средби и се води евиденција за индивидуални средби со родители. Родителите учествуваат во процесот на донесување на одлуки преку советот на родители и училишниот одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница, невладини организации и други институции, преку спроведување заеднички проекти, за реализирање на активностите од еколошката програма и учество на настани од интерес на заедницата.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Сместување и просторни капацитети

Воспитно образовната дејност во ООУ,,Даме Груев,, Градско се реализира во три училишни згради и 4 подрачни училишта во селата Виничани, Ногаевци, Водоврати и Кочилари. Подрачните училишта се оддалечени од централното училиште со повеќе километри.

Објектите во централното училиштето се од цврста градба изградени во 1973 година зграда 1, зграда 2 и 3 се изградени во 1956 со површина на сите згради вкупно од 942 $m^2$ со добро одржани и уредени просторни услови со 9 училници од кои 1 кабинет по природни науки и 4 административни простории. Училишниот двор е со површина од 1250 $m^2$ во кој се наоѓа и отворен спортски терен од 850 $m^2$ кое е заградено од сите страни кој целосно ги задоволува потребите на учениците. Во училиштето има спортска сала со површина од 620 $m^2$ . Во објектот има санитарни јазли за ученици и за наставници. Дворот на училиштето е комплетно заграден од сите страни и е хортикултурно уреден, а приодните патеки пред влезот се добро одржувани и чисти. Хигиено-естетската, содржинската и функционална уреденост на просторот во централното училиште е на високо ниво. Загревањето на просториите во централното училиште е со сопствено парно греење на нафта и во зграда 3 каде што се реализира настава со 1-во одделение е на пелети. Во училиштето има пристапни рампи за инвалидизирани лица.

Во ООУ,,Даме Груев,,Градско се образуваат вкупно 310 ученици од кои во централното училиште од I до IX одд. се образуваат 256 ученици, распоредени во 15 паралелки. Наставата се реализира во две смени.

Подрачно училиште во село Виничани е од тврда градба училиштето нема податок кога е изградено, со површина на објектот од 140 $m^2$. Истото располага со 4 училници и 1 наставничка канцеларија и една помошна просторија. Просторните услови и училниците се доволно големи во однос на бројот на ученици и се создадени добри услови за наставни и воннаставни активности. Хигиената во училиштето и санитарните јазли е добра. Дворот во ПУ с. Виничани е 1150 $m^2$ , истиот не е целосно ограден, има отворен спортски терен од 400 $m^2$. Во ова училиште од I до IX одд. се образуваат 37 ученици, распоредени во 6 паралелки од кои 4 чисти и 2 комбинирани паралелки. Наставата се реализира во две смени. Загревањето на просториите во подрачното училиште е со сопствено парно греење на пелети.

Подрачното училиште во село Ногаевци е од тврда градба, училиштето нема податок кога е изградено, со површина на објектот од 140 $m^2$. Истото располага со 1 училница и 1 наставничка канцеларија и 1 помошна просторија. Просторните услови и училниците се доволно големи во однос на бројот на ученици и се создадени добри услови за наставни и воннаставни активности. Хигиената во училиштето и санитарните јазли е добра. Дворот во ПУ е 1270 $m^2$ , истиот е целосно заграден и е делумно уреден, има отворен спортски терен од 80 $m^2$ . Во ова училиште од I до V одд. се образуваат 6 ученици, распоредени во една комбинирана паралелка. Наставата се реализира во една смена. Загревањето на просториите во подрачното училиште е со сопствено парно греење на пелети.

Подрачното училиште во село Водоврати е од тврда градба, училиштето нема податок кога е изградено, со површина на објектот од 50 $m^2$. Истото располага со 1 училница и 1 наставничка канцеларија. Просторните услови и училницата се доволно големи во однос на бројот на ученици и се создадени добри услови за наставни и вонаставни активности. Хигиената во училиштето и санитарните јазли е добра. Дворот во ПУ с. Водоврати е 150

$m^2$ , истиот е делумно заграден, има отворен спортски терен од 50 $m^2$. Во ова училиште од I до V одд. се образуваат 5 ученици, распоредени во една чиста паралелка. Наставата се реализира во една смена. Загревањето на просториите во подрачното училиште е со сопствено парно на пелети.

Подрачното училиште во село Кочилари е од тврда градба, училиштето нема податок кога е изградено, со површина на објектот од 170 $m^2$ и располага со 1 училница, 1 наставничка канцеларија и 1 помошна просторија. Просторните услови и училниците се доволно големи во однос на бројот на ученици и се создадени добри услови за наставни и вонаставни активности. Хигиената во училиштето и санитарните јазли е добра. Дворот во ПУ с. Кочилари е 400 $m^2$, е целосно ограден, има отворен спортски терен од 200 $m^2$. Во ова училиште од I до V одд. се образуваат 6 ученици, распоредени во 1 комбинирана паралелка. Наставата се реализира на албански наставен јазик во една смена. Загревањето на просториите во подрачното училиште е со сопствено парно на пелети.

Во училиштето има ангажирано служба за обезбедување на имот и лица во централното училиште и ПУ с.Виничани со склучен договор со бр.03-588/13 од 30.12.2022 година со Секурисат ДООЕЛ - Скопје.

Во централното училиште и ПУ с.Виничани наставата се реализира во две смени, додека во останатите подрачни училишта наставата се изведува во една (прва) смена. Просторните капацитети во сите училишта оптимално се искористени.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по норматив по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема, истите континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно – образовниот процес согласно планираните ресурси. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето и наставата кај голем број на наставници е со користење на ИКТ опрема.

Училиштето е снабдено со 19 функционални компјутери со монитори , 32 лаптопи за наставниците. Со функционална компјутерска опрема е опремено и подрачното училиште во с. Виничани со 10 компјутери, 8 лаптоп компјутери за наставници и 3 смарт табли. На ниво на училиште има вкупно 13 смарт табли, 6 телевизори, 4 фотокопири, 15 принтери и други нагледни средства за реализирање на наставата по предметите. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и го имаат во нивните планирања за реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини.

Училиштето има и училишна библиотека, која е сместена во една просторија во централното училиште. Библиотеката располага со 3668 наслови од кои 1000 лектири, 400 стручна литература, 1768 слободна литература и 500 литература на други јазици. За библиотеката одговорен е наставник по македонски јазик кој води библиотечна евиденција во инвентарна книга. Библиотеката е отворена само во вторник од 10 до 14 часот и согласно потребите на учениците. Од страна на училиштето не е побарано ново финансирање за вработување на библиотекар до МОН за учебната 2023/2024 година.

Во училиштето има воспоставени договорни процедури за утврдување на потреби од наставни средства и помагала. Наставниците во договор со директорот ги утврдуват потребите од наставни средства и помагала, наставни материјали и други потреби. Раководството одредува приоритети за снабдување според финансиските можности.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

За реализирање на наставниот план и програма, во училиштето е обезбеден доволен број на наставен кадар, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно.

Во училиштето има вкупно 50 вработени. Вкупниот број на вработени се распределени на следните работни места: 1 директор, 1 административен работник, 2 стручни соработници педагог и психолог, 11 технички персонал и 35 наставници.

Наставниот кадар брои вкупно 35 наставници од кои 9 се мажи и 26 жени, од кои според етничка припадност македонци 32, други националности 3, оспособени да ги превземат одговорностите во наставата и воннаставните активности, согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Од вкупниот број на наставници 18 наставници се на неопределено работно време и 17 наставници се на определено работно време (од нив 5 се приправници, 2 наставници по одделенска настава, 1 наставник по физичко и здравствено образование, 1 наставник по англиски јазик, 1 наставник по биологија и хемија и за истите има определено ментор од В.Д. Директорот на училиштето). Во однос на степенот на завршено образование, структурата на наставниот кадар е следна: 32 наставници се со завршено високо образование, 1 наставник е со завршено вишо образование и 2 наставници се со средно образование.

Училиштето има обезбедено согласност од Градоначалникот и Совет на општина Градско за прием на наставен кадар на определено време за учебната 2023/24 година со бр.09-376/2 од 30.08.2023 година и согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици, со бр. 09-385/2 од 6.09.2023 година.

Сите наставници се со соодветна стручна спрема согласно Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници и нормативите за наставен кадар, освен наставник по математика кој реализира настава во централното училиште и наставник во одделенска настава на албански наставен јазик кој реализира настава во ПУ с.Кочилари, за истите работни места е побарано посредништво од АВРМ.

Стручната служба односно педагогот и психологот на училиштето им помагаат на наставниците во организација на наставата.

Во училиштето се почитува работното време од страна на наставниците и другите вработени и се следи од страна на директорот и стручната служба на училиштето.

При отсуство на наставниот кадар се води грижа замената да биде соодветна и навремена.

### 6.4 Кадар и следење на развојните потреби на на кадарот

Во училиштето следењето на кариерниот развој на вработените наставници и стручни соработници е континуирано. За секој наставник и стручен соработник постои ажурирано професионално досие кое е во согласност со Правилникот за водење на професионално досие на наставник и стручен соработник во основно образование.

Развојните потреби на наставниците се утврдуваат преку план за професионален развој на наставникот, анкетирање, самоизјаснување и утврдување на потребите, преку следење на наставниците при посета на часови од страна на раководниот кадар и стручната служба.

Наставниците редовно ги посетуват сите предавања, семинари и обуки кои се реализирани во училиштето и надвор од него од МОН, БРО и Националната агенција. Избор на наставник, да посетува некој семинар или обука, најчесто се врши на Наставнички совет и преку спроведена анкета. Во училиштето е редовна пракса посетителот на стручното усовршување да изврши десеминација или презентирање на работата од посетениот семинар.

Во училиштето се води евиденција за спроведени обуки – семинари за наставници во рамките на стручното усовршување на наставниците.

Стручната служба континуирано ги следи усовршувањата и развојот на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потребите за стручно усовршување.

Во претходните три години, мал број на наставници поминале стручни усовршувања , од повеќе области. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот, што внесува ефективни иновации во работата..

### 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено Финансиски план за 2023 година и усвоена завршна сметка за 2022 година.

Планот за јавни набавки за 2023 година е со бр.02-647/3 од 23.12.2022 година и истиот е усогласен со Законот за јавни набавки. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки, во која е вклучен член од Училишниот одбор. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

## 7.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

### 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор на ООУ „Даме Груев“ Градско е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Сите членови на Училишниот одбор се со важечки мандати. Училишниот одбор работи според свој деловник за работа со бр.02-421/3 од 24.12.2009година и истиот не усогласен со новите законски норми и надлежности на училишниот одбор кој се регулирани со законот за основното образование. Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е во прилог на проширената годишната програма за работа на училиштето. Членовите на училишниот одбор имаат посетувано обука за успешно извршување на улогата на управување.

Состаноците се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници од страна на секретарот на училиштето и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор врз основна донесени одлуки внесени во записник се донесува акт-одлуки, училишниот одбор дава мислења, разгледува жалби на наставници други вработени во училиштето, родители ги разгледува финансиските

планови и финансиските извештаи , годишната програма и годишните извештаи за работа на училиштето.

Со актите за работа на училишниот одбор е уредена процедура со што, кога и како ги информира за својата работа другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и другите структури на училиштето. Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Преку своето работење училишниот одбор се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција на младите во образованието.

В.Д. директорот на училиштето е назначен со Решение со бр.04-292/5 од 09.06.2022годинана од страна на Градоначалникот на Општина Градско и е избран со втор мандат за В.Д. директор на училиштето. ВД. директор работи според сопствена годишна програма за работа која е во прилог на проширената годишна програма за работа на учииштето.

Директорот има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за подоврување на квалитетот во севкупното работењето на училиштето, особено во делот на инфраструктурата и снабденоста со нагледни средства. Во своето работење е насочен кон подобрување на постигнувањата на учениците и севкупниот углед на училиштето. Преку ефективно остварување на приоритетите на училиштето препознаени во Програмата за развој на училиштето: подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето, снабдување на училиштето со современи технички помагала (паметни ТВ уреди, интерактивни табли, ИКТ опрема), обезбедување на продолжен престој и други, угледот на училиштето како и квалитетот на воспитно-образовниот процес се видливо подобрени на задоволство на вработените, учениците и родителите.

Раководниот орган ги вреднува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето. Ги промовира добрите практики во училиштето и е критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес. За време на неговиот втор мандат нема изречено дисциплински мерка на вработени во училиштето.

Директорот носи одговорни одлуки и ужива добар углед кај поголемиот број вработени, ученици и родители. Во своето работење се потпира врз тимската работа преку вклучување на вработените во изработката на: годишните програми за работа на училиштето, самоевалуацијата на училиштето, програмата за развој на училиштето, годишните извештаи и друго.

Директорот има добра соработка со вработените, родителите и учениците и воспоставува и обезбедува соработка на училиштето со поголем број установи во општината и државата, со деловната заедница и невладиниот сектор. Презема конкретни активности за поддршка на инклузивноста и меѓуетничката интеграција на младите во образованието.

### 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Во програма за развој на училиштето е вградена политиката за развој на училиштето и подобрување на квалитетот во неговото работење. Истата е во согласност со целите на државната и локалната образовна политика и се имплементира преку остварување на годишните програми за работа на училиштето. Во програма за развој и во годишната програма за работа за оваа учебна година, зацртани се визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите, и истакнати се приоритетите за развој по месеци и години. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Последната Програма за развој на училиштето е за период 2022 /2026 година со дел.бр.01-464/1 од 15.12.2022 година.

Училиштето ги информира наставниците и стручните соработници, а преку советот на родители и родителите за: поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Во остварувањето на целите родителите и учениците се вклучени само преку нивните претставници во органите и телата на училиштето.

Креирањето и ажурирањето на актите се врши во рамките на органите и телата на училиштето.

Училиштето нема пропишани процедури, но има воспоставени практики за донесување на развојните и програмските документи. Поголем број од воспитно-образовниот кадар активно е вклучен во определувањето на приоритетите и креирањето на развојните цели, како и на активностите за нивно остварување. При тоа во определувањето на приоритетите и креирањето на развојните цели на училиштето родителите и учениците се вклучени само преку нивните претставници во органите и телата на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени. Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење.

Училиштето има програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници, која е во прилог на годишната програма за работа на училиштето. Остварувањето на програмата зависи од обемот на финансиски средства кои се обезбедуваат за таа намена.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува. ВД директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Во училиштето има лице со сертификат за јавни набавки,(техничкиот секретар на училиштето) кое заедно со комисијата и помош од директорот ги спроведуваат јавните набавки во училиштето. Јавните набавки за обезбедување на хигенски средства, канцелариски материјал, помошен материјал, систематски и санитарни прегледи, превоз и други средства за реализација на настава ја спроведува училиштето согласно годишниот план за јавни набавки за 2023 година.

Материјално техничките средства и нагледните средства се доволни, но оние со кој располагаат се користат добро, се води сметка за нивно чување и одржување. Нефункционалните материјални средства (монитори, глувчиња, тестатури и др.) се заменуваат делумно со нови во домен на финансиските можности со кој располага училиштето.

## 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

### 8.1. Јаки страни

- Оптимална искористеност на просторните капацитети за реализација на наставни и воннаставни активности.
- Хигиената е на добро ниво, редовно се одржуваат чисти просториите, ходниците, санитариите, дворните места;
- Многу добра училишна клима, која се одржува со генерации со добри односи помеѓу наставниците, родителите и учениците;
- Меѓусебното почитување и неселективен однос на наставниците кон учениците во наставниот процес без разлика на половата, социјалната, етничката припадност.
- Добро организирани хуманитарни акции за поддршка на социјално загрозените ученици
- Обезбеден бесплатен оброк за учениците од I до V одделение
- Изграден имиџ на училиштето и добра афирмација на постигањата на учениците
- Поставување на тартан на игралиштата на повеќенаменските спортски терени во подрачните училишта и во централното

**8.2. Слаби страни**

- Недоставено барање преку основачот на училиштето до МОН за вработување на библиотекар во училиштето за учебната 2023/24 година
- Необучени наставници за работа во комбинирани паралелки
- Училиштето нема увид во квалитетот на храната што ја набавуваат учениците од околните продавници.
- Нецелосно оградени училишни дворови во ПУ во с.Виничани и во ПУ во с.Водоврати
- Нема обезбедени доволно соодветни услови во подрачните училишта за реализација на физичко и здравствено образование кога временските услови не дозволуваат истото да се релизира надвор.

**8.3. Препораки**

- Да се преземат мерки и дејствија за обезбедување на согласност и вработување на библиотекар во училиште.
- Да се планираат и користат различни интерактивни техники за работа од страна на наставниците
- Да се преземат мерки и дејствија за спроведување на обуки на наставници за работа во комбинирани паралелки.
- Да се преземат активности за увид во квалитетот на храната што учениците ја набавуваат од околните продавници.
- Да се преземат активности за оградување на училишните дворови во подрачните училишта
- Да се преземат мерки и дејствија за подобрување на услови во подрачните училишта за реализација на физичко и здравствено образование кога временските услови не дозволуваат истото да се релизира надвор.

| | |
|---|---|
| Радица Лазова, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Гордан Стојчевски, Инспектор | |
| Александар Арсов, Инспектор | |